ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

Една од најважната активност на Американско-канадската епархија е Црковно-народниот собир, кој се одржува секоја година од 1975. Првиот собир се одржа во Торонто во 1976. Во оваа Епархија до денес се отворени вратите на 30 цркви и два манастира, во кои служат 30 македонски свештенослужители и еден надлежен архиереј.

Идејата за одржување на црковно-народните собири на македонските доселеници коишто живеат во САД и во Канада, произлезе од македонската етничка заедница во Гери, Индијана, поточно од црквата “Св. Петар и Павле”, првата македонска православна црква на северноамериканскиот континент. Идејата беше прифатена од членството на црквата, а потоа и од другите македонски православни цркви во Северна Америка.

Така, на 19 и 20 мај 1975 годинаво црквата “Успение на Св. Богородица”, во Колумбос, Охајо се одржа средба на која беше договорено секоја година да се одржува црковно-народен собир во разни места, односно градови во Северна Америка, каде што има македонски православни цркви.

Основната цел на овој собир треба да биде зацврстувањето на единството на Македонците иселеници, како и јакнење и унапредување на дејноста на Епархијата. Се одлучи Собирот да се одржува секоја прва сабота и недела во месец септември во денoвите на американскиот празник “Ден на работникот” и да трае два дена.

Првиот црковно-народен собир на Американско-канадската македонска православна епархија се одржа во Торонто, во 1975 година. Досега организатор, односно домаќин на

собирите неколку пати била македонските православни цркви во Торонто, Колумбос, Хамилтон, Гери, Рочестер, Детроит, Пасаик, Чикаго, Бафало, Винsор, Сираќуз, Мисисага и Кливеланд.

Во рамките на собирот се состанува Епархиското собрание и се одржува централниот собир. Одржувањето на црковно-народниот собир придонесува за афирмација на националните и културните вредности на Македонците-доселеници во САД и Канада. За време на манифестацијата се одржуваат претстави од најразличен карактер: спортски, музички, културни.

Дел од свештениците на Епархијата

Првата вечер е посветена на Епархиското собрание, на кое се расправа за состојбите приликите и прашањата врзани со црковно-духовното живеење на македонските доселеници. Втората вечер, (саботата), пак, е посветена на фолклорот. Тогаш настапуваат културно-уметнички друштва, играорни групи и фолклорни секции од сите цркви и црковни општини. Фолклористите настапуваат ревијално, без нтпреварувачки карактер.

Третиот ден (неделата) е посветена на духовното и спортското живеење. Имено, предпладне се одржува заедничка богослужба, на која чиноначалствува македонски владика во сослужение на сите македонски свештеници од Епархијата. Во текот на денот се одржуваат фулбалските натпреварувања кои имаат натпреварувачки карактер.

Тогаш доааѓаат до израз младите македонски генерации, кои во текот на Собирот покажуваат голема активност, ангажираност и заедничко живеење. На вечерта се одржува заеднички, семакедонски банкет, со што завршува Собирот.

Инаку, Митрополитот Кирил, чие свештено име му е Никола Поповски беше прв надлежен архиереј на новоформираната Американско-канадско-австралиската епархија, подоцна Американско-канадска епархија од 1967 до 1987 година.

Од 1987 до април 1989 година митрополитот Стефан беше надлежен за Епархија. Од април 1989 до 1992 година, пак, Епархијата ја администрираше архиепископот Гаврил, а потоа Епархијата беше под административна надлежност на Синодот. Архиепископот Михаил го презеде администрирањето на оваа Епархија од 1993 до 1999 година, а архиепископот Стефан беше надлежен од 1999 до 2006 година.

Митрополитот американско-канадски Методиј, пак, чие мирјанско име му е Методиј Златанов ја превзеде надлежноста на Американско-канадскато-македонската епархија во 2006 година и на чело на оваа Епархија е и денес, со седиште во Детроит.

Оваа година јубилејниот 40-ти по ред Црковно-народен собир на Американско-канадско-македонската епархија ќе се одржа во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Детроит, Мичиген, на кој ќе земат учество сите македонски православна црква од Соединетите Американски Држави и Канада.

Продолжува

Пишува: СЛАВЕ КАТИН